МЕЃУНАРОДЕН ЦЕНТАР ЗА СЛАВЈАНСКА ПРОСВЕТА - СВЕТИ НИКОЛЕ

# «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК - ЗАПАД»
(ПСИХОЛОГИЈА И ОБРАЗОВАНИЕ)

# СПИСАНИЕ
**на научни трудови**

**ДВАНАЕСЕТТА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА „МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК - ЗАПАД“**
МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ - БИТОЛА

*Година VIII* *Број 3* *Април 2021*

- СВЕТИ НИКОЛЕ, Р. СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА -
- 2021 -

**Издавач:** Меѓународен центар за славјанска просвета - Свети Николе

**За издавачот:** м-р Михаела Ѓорчева, директор

**Наслов:** «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК - ЗАПАД» (ПСИХОЛОГИЈА И ОБРАЗОВАНИЕ)

**Организационен одбор:**
Претседател: проф. д-р Јордан Ѓорчев
Заменик претседател: д-р Стромов Владимир Јуревич, Русија
Член: м-р Борче Серафимовски
Член: м-р Милена Спасовска

**Уредувачки одбор:**
Проф. д-р Ленче Петреска - Република Северна Македонија
Проф. д-р Александар Илиевски - Република Северна Македонија
Проф. д-р Мирослав Крстиќ - Република Србија
Проф. д-р Момчило Симоновиќ - Република Србија
Проф. д-р Тодор Галунов - Република Бугарија
Проф. д-р Даниела Тасевска - Република Бугарија
Доц. д-р Хаџиб Салкиќ - Република Босна и Херцеговина
Проф. д-р Татјана Осадчаја - Руска Федерација
Доц. д-р Вера Шунаева - Руска Федерација

**Уредник:** проф. д-р Јордан Ѓорчев

**Компјутерска обработка и дизајн:** Адриано Панајотов, Маја Маријана Панајотова, Благој Митев

**ISSN (принт)** 1857-9299
**ISSN (онлајн)** 1857-9302

**Адреса на комисијата:** ул. Маршал Тито 77, Свети Николе, Р. Сверна Македонија

**Контакт телефон:** +389 (0)32 440 330

**Уредувачкиот одбор им се заблагодарува на сите учесници за соработката!**

**Напомена:**

Уредувачкиот одбор на списанието «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК-ЗАПАД» не одговара за можните повреди на авторските права на научните трудови објавени во списанието. Целосната одговорност за оригиналноста, автентичноста и лекторирањето на научните трудови објавени во списанието е на самите автори на трудовите.

Секој научен труд пред објавувањето во списанието «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК-ЗАПАД» е рецензиран од двајца анонимни рецензенти од соодветната научна област.

**Печати:** Книжарница и печатница „Славјански", Свети Николе

**Тираж:** 100

Година 8, Број 3, Април 2021, Свети Николе, Република Северна Македонија

МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ

# ИСТОК - ЗАПАД

ПСИХОЛОГИЈА И ОБРАЗОВАНИЕ

37.014.12-027.511(497.7)

**Катерина Андонова**
ООУ „Страшо Пинџур" – Карбинци
Р. Северна Македонија

# КВАЛИТЕТНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СЕКОЕ ДЕТЕ

**АПСТРАКТ:** Образованието не започнува во прво одделение. Постои глобален консензус дека образованието во раното детство за децата на возраст од 3 до 6 години е пресудно за учењето и развојот на мозокот. Ова не значи академско учење - развојот на „некогнитивните вештини", како на пр., интелектуална љубопитност, истрајност, социјални вештини и емотивна стабилност во детството и адолесцентските години се подеднакво важни за успехот на децата во доживотното учење, социјалната интеграција, личниот развој и подоцна, при вработувањето.
Сепак, иако земјата бележи подобрување кај запишувањето во градинка од 22% во 2012 година на 35% во 2017 година, тоа е далеку зад целната стапка на ЕУ од 95%. Ова значи дека две третини од децата во земјата ја пропуштаат оваа можност за исполнување на својот потенцијал.

**КЛУЧНИ ЗБОРОВИ:** живот, успех, учење, развој, знаење, промени

# QUALITY EDUCATION FOR EVERY CHILD

**ABSTRACT:** Education does not start in the first grade. There is a global consensus that early childhood education for children aged 3 to 6 is crucial to brain learning and development. This does not mean academic learning - the development of "non-cognitive skills" such as intellectual curiosity, perseverance, social skills and emotional stability in childhood and adolescence are equally important for children's success in lifelong learning, social integration, personal development and later, in employment.
However, although the country has seen an improvement in kindergarten enrollment from 22% in 2012 to 35% in 2017, it is far behind the EU target of 95%. This means that two thirds of the children in the country miss this opportunity to fulfill their potential.

**KEYWORDS:** life, success, learning, development, knowledge, change

## ВОВЕД

Децата на предучилишна возраст постигнуваат голем напредок во доменот на когнитивниот развој, кој вклучува комплекс на ментални активности како истражување, внимание, помнење, создавање ментални слики, размислување, резонирање, разбирање на концепти, класифицирање, сортирање на поими, решавање на проблеми. Тие започнуваат да размислуваат на начин што им овозможува да решаваат проблеми, да размислуваат за предмети и личности што не се присутни во моментот, кои не можат да ги видат, слушнат или допрат. Стекнуваат способност да замислуваат предмети и личности и да предвидуваат што може да се случи во иднина, како и да размислуваат за нешто што се случило во минатото. Постои заемна поврзаност помеѓу сите домени: когнитивниот развој има особено големо влијание врз социо-емоционалниот развој и врз развојот на јазикот, и обратно.

Не постои една дефиниција за тоа кои се најдобри практики и активности за рано учење, но тие секогаш треба да бидат во согласност со возраста и степенот на развој на детето, како и социјалниот и културолошкиот контекст во кој тоа расте и се развива. Тоа не значи дека понудените активности за рано учење ќе бидат најдобри ако тие му ја олеснат работата на детето. Со изборот на најдобри практики, целите и искуствата низ кои поминуваат децата во текот на раното учење се во согласност со нивниот стил за учење и се доволно поттикнувачки за да ги унапредат нивниот прогрес и интерес за учење. Користење на добри практики за рано учење од страна на успешни воспитувачи ја зголемува ефикасноста на раното учење кај малите деца.

Добрите практики бараат од успешниот воспитувач секогаш да мисли на тоа што работи и како тоа го поттикнува детскиот развој. Успешниот воспитувач ги применува добрите практики во рамките на планирање на содржините за подучување, во рамките на меѓусебната комуникација со децата и во настојувањата да изгради партнерски однос со родителите.

**1. КВАЛИТЕТНО ОБРАЗОВАНИЕ**

Образованието го менува животот на сите луѓе низ светот, отворајќи можности и потенцијали за развој и промена. Но, иако е важно, едноставното праќање на децата во училиште не е доволно. На децата им треба квалитетно образование кое ќе им помогне целосно да го искористат својот потенцијал и да ги зголемат шансите да станат среќни, здрави, успешни и корисни членови на општеството. На децата им треба квалитетно образование што ќе им помогне да се развијат во учтиви, самоуверени, критични и добро интегрирани суштества во оштеството. Најмногу од сè, на децата им треба квалитетно образование што ќе биде лесно пристапно за сите.

Постојат неколку причини зад слабите резултати на образовниот систем во земјата. Образовните политики кои не се потпираат на податоци и факти во голема мера влијаат врз вкупните резултати. Наставните програми не се надградуваат според најновите истражувања и достигнувања во науката и многу често лошо се спроведуваат.

Ниската мотивираност на наставниците, исто така, спаѓа во факторите кои сериозно придонесуваат кон нискиот квалитет на образованието. Покрај тоа, повеќето наставници немаат современи компетенции и ресурси за да обезбедат сите деца целосно да го остварат правото на квалитетно образование. Ова директно влијае врз квалитетот на наставата, со што пак опаѓаат знаењата и вештините кои ги стекнуваат децата, при што нивните можности за вработување се намалуваат.

Квалитетно образование-вредносно знаење во современиот свет Современото општество бара современ систем на образование и воспитание. Зошто токму образованието? Затоа што образованието е клучна функција на едно општество. Образованието е во исто време и една од базичните дејности која води кон подобар и поисполнет живот. Наспроти значењето кое образованието го има за сите нас и за општеството во целост, како човечка дејност има доживеано најмалку позитивни промени заради што крајно време е нешто да се менува.

## 2. ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СЕКОЕ ДЕТЕ

Образованието го ослободува интелектот, ја отклучува имагинацијата и е основно за самопочитување. Тоа е клучот за просперитет и отвора свет на можности, овозможувајќи му на секој од нас да придонесе за прогресивно, здраво општество. Учењето е од корист на секое човечко суштество и треба да биде достапно за сите.

Сите сме свесни за состојбата во која денес се наоѓа образованието како затворен систем. Овој проблем има глобален карактер. Ниту една земја не е во целост задоволна од својот образовен систем. Образованието како општествена дејност не ги задоволува и не ги исполнува во доволна мера потребите и барањата на општеството. Сведоци сме на општествените промени кои бараат фундаментални промени во образованието. Тука се наметнува прашањето за тоа колку сме свесни за други можности за реализација на образованието освен за оние кои ги знаеме.

Имено, потребно е да се менува свеста кај секој од нас дека можеме поинаку и подобро. Добрите примери создаваат контекст во кој промените се реални и многубројни. Но за нив е потребно визија, способност за планирање и дејствување. Промените почнуваат во свеста. Впрочем не постои време во кое промените не се пожелни. Промените се непрекинати и вечни. Тие се со цел подобрување на секоја акција и дејствување. И најмалите промени дури и на индивидуално ниво често резултираат со огромни промени во системот. За тоа најмногу придонесува образованието. Низ процесот на образование се развиваат способности да се согледаат состојбите во вистинско светло, да се сознаат можностите за промени со вештините кои се стекнати во тој процес.

Имајќи го во вид значењето на образованието, нашето внимание го насочивме кон образованието како сложена општествено условена категорија во сите свои составни елементи. Модернизацијата на образовниот систем која се јавува како императив на современото општество е во постојан судир со традицијата на самото општество, традиција изразена во ставови, мислења, навики кои се силно рефлектирани во постојниот образовен систем. Овие спротивставени позиции, секоја силна по себе и за себе, иницираат бројни дилеми за тоа каде се наоѓа образованието денес и каде треба да се наоѓа во иднина. Се чини дека наједноставниот одговор е компромис меѓу традицијата и современото во образовниот мозаик.

Традицијата, традиционалното и образованието Говорејќи за современо општество и современ систем на воспитание и образование, современа настава и современ наставник, се јавува дилемата каде е традицијата, зарем до сега немавме квалитетно образование. Ако досегашниот образовен систем не беше квалитетен, можен ли толкав напредок на науката, техниката, технологијата, општеството е прашање кое секој од нас ќе го постави. Се разбира, дека прогресот на општеството не ќе го достигнеше нивото денес без квалитетно образование.

Но како што го менувавме општеството и животот во него така треба да се менува и образованието со цел да придонесе кон успешно вклучување на младата личност во општествено-економскиот живот во заедницата и за попрогресивен развој во целост. Од тие причини, образованието и воспитанието се наоѓаат меѓу она што се нарекува традиција, од една страна и она што е современост, од друга страна. Дијаметрално спротивни категории кои сами по себе се значајни, но нивното спротивставување предизвикува дилеми и претставува кочница за

идниот развој. Решението е можеби едноставно доколку се разбере значењето на традицијата и потребата на модерното. За потребата и значењето на модерното за кое денес сме свидетели, стана збор во погоре испишаните редови.

Во најширока смисла на зборот, традицијата претставува севкупност од обичаи, верувања, легенди, начини на облекување, исхрана, однесување карактеристични за една средина(култура,нација, регион, село, град), (Педагошки лексикон,1996,504). Под традиција се подразбира и усното предавање на знаења, вештини, уметност, занаети, морални правила и како таква претставува културно наследство кое се пренесува од генерација на генерација, (М.Вујаклија,1974,963) Во тој контекст традицијата претставува „сврзно ткиво" кое ги поврзува членовите на една заедница во цврста заедница, чувајќи го нивниот идентитет и ентитет. Факт е дека денес постои проблем кај младата генерација. Нивниот проблем е непочитување на авторитет како во семејството, така и во училиштето, а тоа е извор на многу други проблеми како се почести разводи, семејно насилство, проблеми на работното место, во средината. Затоа повеќе од потребно е на децата да им се претставaт јасно рамките на закони, парвила и забрани. На тој начин ќе се создадат услови за сигурност, за созревање.

Во спротивно последиците се многубројни како немотивираност за учење и работа, преголема слобода за одлучување и делување без постоење на потребното ниво на зрелост. Затоа најдобро е да се сочуваат скапоцените вредности од традицијата во семејството, и заедно со убавините на современото да се трасира патот до среќно детство и развој на зрела, способна, креативна и инвентивна млада личност. Овој процес почнува во семејството низ повеќе форми како: почитување на потребите на детето, без да се занемарат сопствените потреби; поставување на авторитет на вредности наместо моќ; обликување на односот со детето со градење и почитување на правила; должностите на детето кои ќе бидат зададени потребно е да се во склад со неговата возраст затоа што на овој начин ќе се покаже довреба во неговите способности но и ќе се развие свест за неговиот придонес во семејството. Процесот продолжува во училиштето што силно се рефектира и во животот понатаму. Затоа со право можеме да заклучиме дека модерниот начин на живот ја уништува традицијата и традиционалните вредности. Од тука и грижата за зачувување на традицијата која е предмет на интерес и грижа на сите фактори во заедницата.

## 3. ЕДУКАЦИЈА (СЕКОЕ ДЕТЕ ИМА ПРАВО ДА УЧИ)

На кој било даден училишен ден, над 1 милијарда деца ширум светот одат на час. Повеќе деца и адолесценти денес се запишани во предучилишно, основно и средно образование од кога било досега. Сепак, за многумина од нив, школувањето не води кон учење - и ова се случи пред училиштата со затворени затвори на КОВИД-19 и го нарушија учењето низ целиот свет, создавајќи итна потреба за повторно замислување на образованието.

Недостаток на обучени наставници, несоодветен материјал за учење, импровизирани часови и лоши санитарни јазли го отежнуваат учењето за многу деца. Другите доаѓаат на училиште премногу гладни, болни или истоштени од работата или домашните задачи за да имаат корист од нивните часови.

Последиците се сериозни: Околу 617 милиони деца и адолесценти низ целиот свет не се во можност да достигнат минимално ниво на владеење во читање и математика, иако две третини од нив се на училиште.

Оваа криза на учење е најголемиот глобален предизвик за подготовка на деца и адолесценти за живот, работа и активно граѓанство.

Децата и адолесцентите се исклучени од образование од многу причини. Сиромаштијата останува една од најтврдокорните бариери, со деца од најсиромашните домаќинства скоро пет пати поголема веројатност да бидат надвор од основно училиште отколку оние од најбогатите.

Децата со попреченост и од етнички малцинства, исто така, имаат поголема веројатност да останат зад себе. За девојчињата во некои делови на светот, можностите за образование можат да бидат особено ограничени. Само 66 проценти од земјите имаат постигнато родова еднаквост во основното образование. Штетни родови норми можат да имаат сериозни ефекти и кај момчињата. Локацијата исто така ги спречува децата да одат на училиште. Децата од руралните области имаат повеќе од двапати поголема веројатност да бидат надвор од основно училиште отколку нивните урбани врсници. Во конфликтните зони, 27 милиони деца се надвор од училиште. Без вештини за доживотно учење, децата се соочуваат со поголеми бариери за заработка на потенцијал и вработување подоцна во животот. Тие имаат поголема веројатност да страдаат од неповолни здравствени резултати и помалку да учествуваат во одлуките што ги засегаат - заканувајќи се на нивната способност да изградат подобра иднина за себе и за нивните заедници.

Квалитетното учење бара безбедно, пријателско опкружување, квалификувани и мотивирани наставници и настава на јазици што студентите можат да ги разберат. Исто така, се бара да се следат резултатите од учењето и да се вратат во инструкциите.

## 4. ПРАВЕДНОСТА И ПРАВИЧНОСТА СЕ ОСНОВНИ ЗА КВАЛИТЕТНО ОБРАЗОВАНИЕ

Универзалното право на образование за сите вклучува правично учество во квалитетно образование. Затоа, сите деца и млади, вклучително и оние од сиромашни домаќинства, девојчиња и момчиња, жени и мажи, деца со посебни потреби, деца во рурални и оддалечени локации, конфликтни и постконфликтни ситуации, автохтони деца, вклучително и Роми, и афро-потомци, мигранти, мора да имаат правичен пристап до квалитетно образование. Ова вклучува рано детство, основно, средно и средно, стручно, високо и образование за возрасни. Инклузивна и разновидна училница со соодветната наставна програма ни овозможува да научиме како да комуницираме со различни луѓе, ни помага да се разбереме себеси и светот и претставува основа за чувство на споделени вредности и продлабочена интеркултурна свест.

## ЗАКЛУЧОК

Децата на предучилишна возраст постигнуваат голем напредок во доменот на когнитивниот развој, кој вклучува комплекс на ментални активности како истражување, внимание, помнење, создавање ментални слики, размислување, резонирање, разбирање на концепти, класифицирање, сортирање на поими, решавање на проблеми. Тие започнуваат да размислуваат на начин што им овозможува да решаваат проблеми, да размислуваат за предмети и личности што не се присутни во моментот, кои не можат да ги видат, слушнат или допрат. Стекнуваат способност да замислуваат предмети и личности и да предвидуваат што може да се случи во иднина, како и да размислуваат за нешто што се случило

во минатото. Постои заемна поврзаност помеѓу сите домени: когнитивниот развој има особено големо влијание врз социо-емоционалниот развој и врз развојот на јазикот, и обратно.

Не постои една дефиниција за тоа кои се најдобри практики и активности за рано учење, но тие секогаш треба да бидат во согласност со возраста и степенот на развој на детето, како и социјалниот и културолошкиот контекст во кој тоа расте и се развива. Тоа не значи дека понудените активности за рано учење ќе бидат најдобри ако тие му ја олеснат работата на детето. Со изборот на најдобри практики, целите и искуствата низ кои поминуваат децата во текот на раното учење се во согласност со нивниот стил за учење и се доволно поттикнувачки за да ги унапредат нивниот прогрес и интерес за учење. Користење на добри практики за рано учење од страна на успешни воспитувачи ја зголемува ефикасноста на раното учење кај малите деца.

Добрите практики бараат од успешниот воспитувач секогаш да мисли на тоа што работи и како тоа го поттикнува детскиот развој. Успешниот воспитувач ги применува добрите практики во рамките на планирање на содржините за подучување, во рамките на меѓусебната комуникација со децата и во настојувањата да изгради партнерски однос со родителите.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**


1. Адлер,А.(2015), Психологија на детето, воспитувања на децата, Битола.
2. Барбареев,К.,Ташкова,Е.(2020),Методика на воспитно – образовната работа по развој и култура на говорот кај децата, Штип.
3. Петровска,С.(2010), Училишна педагогија и организација, Штип.
4. Гоцевски,Т.(2007), Образовен менаџмент,Скопје.
5. Закон за заштита на децата, (2013), Службен весник на Република Македонија бр. 23/13.